Република Северна Македонија
МЕМО ДООЕЛ

Бр. 1001-3892/11
15.04.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 182 став 4 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 96/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19, бр. 236/22, бр. 134/24 и бр.147/24), Уредбата за гаранции на потекло (Службен весник на Република Северна Македонија бр 210/2024), Правила за администрирање на Гаранции на потекло на електрична енергија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 65/25 и бр.69/25) и Изјавата за основање на Операторот на пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје арх. бр.02-7821/3 од 06.08.2024, Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија донесе:

# ТАРИФНИК

## за надоместокот за издавање, пренос и признавање на гаранција за потекло

### Член 1

(1) Со овој Тарифник се определува висината на надоместоците за издавање, пренос и признавање на гаранција за потекло на електричната енергија.

(2) Надоместок за издавање на гаранции за потекло од ставот (1) го сочинуваат надоместок за издавање на гаранции за потекло по трансакција и надоместок за регистрација во Регистарот на гаранции за потекло, којшто опфаќа еднократен фиксен годишен надоместок и еднократен годишен надоместок во зависност од инсталираната моќност на електроцентрала којшто се однесува за секоја електроцентрала запишана во Регистарот на гаранции за потекло.

(3) Надоместокот за пренос на гаранции за потекло во македонскиот домен од ставот (1) се наплаќа за пренос на гаранцијата за потекло од носителот на гаранцијата на друг корисник на Регистарот на гаранции за потекло.

(4) Надоместокот за признавање на гаранции за потекло од ставот (1) се наплаќа како надоместок за за трансфер - увоз во македонскиот домен или надоместок за трансфер - извоз вон македонскиот домен во зависност од барањето за увоз, односно извоз.

(5) Висината на надоместоците од ставот (1) се изразени без вклучен ДДВ и се дадени во следните табели:

Табела 1:

| | **Издавање на гаранција на потекло** | **Единица мерка** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1 | Надоместок за издавање на гаранција на потекло по трансакција | Евра/гаранција за потекло | 0,008 |
| 2 | Регистрација во Регистарот на гаранции за потекло | | |
| 2.1 | Фиксен надоместок | Евра/годишно | 100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.2 | Надоместок во зависност од инсталирана моќност на електроцентрала | | |
| 2.2.1 | Над 20 MW | Евра/годишно | 1.000 |
| 2.2.2 | Од 10 MW до 19,99 MW | Евра/годишно | 500 |
| 2.2.3 | Од 5 MW до 9,99 MW | Евра/годишно | 100 |
| 2.2.4 | Од 1 MW до 4,99 MW | Евра/годишно | 50 |
| 2.2.5 | Помали од 1 MW | Евра/годишно | 10 |

Табела 2:

| **Надоместок за пренос** | | **Единица мерка** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1 | Пренос во македонскиот домен | Евра/гаранција за потекло | 0 |

Табела 3:

| **Надоместок за признавање** | | **Единица мерка** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1 | Признавање за трансфер - увоз во македонскиот домен | Евра/гаранција за потекло | 0,013 |
| 2 | Признавање за трансфер - извоз вон македонскиот домен | Евра/гаранција за потекло | 0,005 |

(6) Една гаранција за потекло се издава за секоја произведена единица електрична енергија од обновливи извори на енергија со стандардна големина од 1MWh.

(7) Вредноста на еврото од ставот (5) се пресметува во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на фактурирање на надоместоците.

**Член 2**

Овој тарифник влегува во сила со денот на одобрувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

***Образложение***

Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје постапувајќи согласно член 182 став 4 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 96/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19, бр. 236/22, бр. 134/24 и бр.147/24) со овој тарифник ја определува висината на надоместокот за издавање, пренос или признавање на Гаранција за потекло на електричната енергија како и сите активности поврзани со Регистарот на ГП. Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје се водеше од начелата за достапност на

Гаранциите за потекло до учесниците, економската оправданост и повратот на вложените средства на краткорочен и долгорочен план. Се регулираат активностите кои ќе се преземаат од страна на Национален оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје а се однесуваат на определување на висината на надоместокот на трошоците за услуга за издавање, пренос или признавање на Гаранција за потекло на електричната енергија како и активности за Регистрацијата на корисниците во Регистарот на ГП што опфаќа еднократен фиксен надоместок за секоја година и истиот се изразува во евра и еднократен варијабилен надоместок за секоја година кој се однесува за секоја електроцентрала запишана во Регистарот на ГП. Вредноста на еврото се пресметува во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на фактурирање за соодветната услуга. Предложените цени се релативно ниски со цел да се овозможи на краткорочен план пристап кон целосно искористување на потенцијалот што го имаат производителите кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на електрична енергија. Со приближување кон полноправно членство во AIB, согласно искуството од регионот, се зголемува заинтересираноста за Гаранциите за потекло. Тоа овозможува на долгорочен план Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје да генерира доволни приходи за поврат на средствата кои се наменети за водење на Регистарот на ГП.

*Изготвил: Анета Грашеска Атанасоска*
*Проверил: Денко Рафајловски*
*Координатор: Елизабета Гиовска*

**МЕМО ДООЕЛ Скопје**
**Управител**
**Зоран Ѓорѓиевски**